## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Петтото продолжение на Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 јуни 2002 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 14,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 107-та седница на Собранието на РМ.

Констатирам дека на седницата присуствува потребното мнозинство на пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 9 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно член 98 став 5 од Уставот на РМ овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците, согласно точка 2 од амандманот X на Уставот на РМ овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во РМ.

Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 90 пратеници, за гласале 88, воздржано гласале 2, никој не гласал против.

Овде нема ништо спорно, гласале повеќето од пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка.

Минуваме на точката 10 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно член 98 став 5 од Уставот на РМ овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците, согласно точка 2 од амандманот X на Уставот на РМ овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во РМ.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 88 пратеници, за гласале 85, воздржано гласале 3, никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка.

Минуваме на точка 11 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно член 98 став 5 од Уставот на РМ овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците, согласно точка 2 од амандманот X на Уставот на РМ овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во РМ.

Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 91 пратеници, за гласале 88, воздржано гласале 3, никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка.

Очигледно е тројца се воздржани се малцинство во однос на бројот на присутните пратеници од пратениците кои не припаѓаат на мнозинската заедница, на заедниците кои не се мнозинство, само тројца не гласале за, сепак е важечко гласањето.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка.

Ова нема да го повторувам секогаш кога е очигледно, ако има некој да оспори нека се јави да оспори.

Минуваме на точка 12 - Предлог на закон за дополнување на Законот за управните спорови.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно член 98 став 5 од Уставот на РМ овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците, согласно точка 2 од амандманот Х на Уставот на РМ овој закон се донесува *со* мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во РМ.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 92 пратеници, за гласале 89 , воздржано гла-сале 3, никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за управните спорови.

Минуваме на точка 15 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно член 98 став 5 од Уставот на РМ овој закон се донесува *со* 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците, согласно точка 2 од амандманот Х на Уставот на РМ овој закон се донесува *со* мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во РМ.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 89 пратеници, за гласале 86, воздржано гласале 3, никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Има збор г-динот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

По грешка г-дине претседателе, но да го искористам правото, да ве известам дека во 16,00 часот ДПА има Конвенција во Гостивар и замолувам да работиме до 15,00 часот ако е можно, и сега го користам моментот тоа да ви го кажам.

Ве молам да го уважите ова затоа што прв пат за овие три години бараме одложување поради една партиска конвенција која е многу важна за нас. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вам ви е потребен еден час пред тоа, а ние да работиме уште половина час. Тогаш да не одиме на ново утврдување на дневен ред, туку да продолжиме по постојниот.

Минуваме на точката 19 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, со Предлог на закон.

Дали имаме претставник од Владата? (нема)

Г-динот Кирил Настевски се најавува по Законот но немаме претставник.

Најавено министерот Џабирски да пристигне, но по друга точка.

Имаме претставник за точка 24.

Минуваме на точката 24 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за добивка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? - Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани претставници на Владата, јас би сакал во врска со членот 1 со кој се додава член 17-6, за ослободување на трошоците кои се опфатени тука, а кои ќе се признаат на товар на расходите на даночниот биланс, заменикот министер да даде едно појаснување од кои причини се воведува овој член во законот.

Во јавноста се шпекулира дека по основањето на ТАБАК - осигурување овој член треба да придонесе за покачување на средствата кои се привлекуваат на таа компанија за осигурување од другите компании и заради таа фирма се менува законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пдетставникот на Владата, заменик министерот за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Само сакам да напомнам дека со оваа измена се дава даночно олеснување на даночните обврзници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеници, од кои 65 за, 14 воздржано, и еден против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници, од кои 65 за, 11 воздржано и двајца против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандман за менување на член 5, за додавање нов член 8 по членот 7 и за пренумерација на членот 8 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 3 и член 4 во новиот став 3.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот е од технички карактер и се прифака.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Отворам претрес по амандманот на член 4 во новиот став 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Заменик министерот за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници од кои 66 за, 12 воздржани и двајца против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка.

Минуваме на точка 25 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? - Г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата. Пред нас имаме Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персонален данок на доход, секако со Предлог закон кој еве во една брза процедура како од предлагачот така и од нас овде се носи, но ред е оние кои сакаат да стават забелешки на одредена содржина на Законот да можат тоа да го направат, па во рамките на таа заложба, јас се определив да напоменам само неколку работи кои не содејствуваат со она што јас го имам како размислување во врска со предложените измени на овој закон.

Имено, една од предложените измени на Законот е за износот на лично ослободување пред почетокот на секоја година, и тој износ се врзува со планираниот пораст на нето платите на вработените во РМ.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ :** (продолжение)

Како што стои во законот "утврдедни во Макроекономската политика на Владата на РМ". Соодветно на тоа еве уште една надлежност што министерот си ја препишува сам на себе, а ние треба да му ја довериме на тој министер износот за лично ослободување да го објавува министерот за финансии пред почетокот на секоја година.

Досегашното решение беше системски врзано решение затоа што во оваа држава постојат институции кои што се обврзани со закон да ги објавуваат коефициентите, но во овој случај станува збор за коефициентите на пораст на просечната месечна нето плата на вработените. И тие институции тоа го работат и за тоа тие институции земаат плата. Во конкретниот случај станува збор за Државниот завод за статистика, кој што покрај другите обврски што ги има во рамките на неговата ангажираност, со Закон е обврзан, и тоа сопствен, негова законска обврска е да го објави овој коефициент.

Прво, макроекономската програма е необврзувачки документ кој што го носи Владата, а со кој што ги информира пратениците. Одтаму ни случајно неможе да биде елемент врз кој што ќе се пресметува лично ослободување. Параметрите кои што се дадени во макроекономската политика се планирани параметри, и колку да се точни се се однесува само на тоа што е планирано, а не утврдени, а не постигнати. 0дтаму сметам дека се руши едно добро поставено решение кое што беше применувано во изминатиот период и врз кое што се пресметуваше износот на лично ослободување.

Во оваа прилика одиме на лабави решенија кои што се пропишуваат, нажалост и со закон, а кои што не се издржани како решение. Сите објаснувања во врска со тоа дека годишниот или месечниот коефициент се објавуваат два месеци покасно не држат затоа што, како прво тоа треба да биде прецизен, постигнат коефициент, а никако планиран коефициент. Тоа е мојата прва забелешка која се однесува на содржината на овој закон.

Втората забелешка се однесува на член 2 од Законот кој што е навидум техничка измена што се предлага пред пратениците, а во основа е суштинска измена.

Имено, во член 26 зборот "најмалку" се предлага да се замени со зборот "најмногу". Член 26 од постојниот Закон за персонален данок од доход се однесува на намалување на даночна основа за износот на извршените вложувања во економските згради и земјоделска опрема, но најмногу, но најмалку во постојното досегашно решение до 30% од катастарскиот приход. Сега со ова решение се преименува зборот "најмалку" со зборот "најмногу", што значи се демотивираат субјектите кои што ја обавуваат оваа дејност за инвестициони вложувања за развој на таквата дејност. Со самиот факт што досега се предвидуваше едно полиберално решение кое што беше помотивирачко за таквите субјекти, затоа што инвестираните средства се пресметуваа и за тие средства се намалуваше даночната основица како оптоварување на субјектот кој што ја врши соодветната дејност. На жалост тоа се однесува и за набавката на земјоделската опрема која што беше на ист начин досега третирана, како инвестиционо вложување на индивидуалните земјоделци или оние кои што вршат земјоделска дејност.

Одтаму, навидум прокламираните заложби на Владата и на статутот на владините претставници низ Републиката дека оваа Влада доста се грижи за земјоделието и доста направила за негово развивање дефакто со вакните решенија се потврдува дека тоа што се кажува не е така, туку тоа што се предлага со закон да се влоши како амбиент на вработување на вработените во таа дејност, тоа е факт. Тоа се две мои забелешки кои што чувствував за потреба да ги презентирам пред пратениците и да предложам да, заради интересот на бројни субјекти во оваа сфера да овие измени во член 1 и член 2 не се донесат. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор заменик министерот за финансии Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Да одговорам на забелешките кои ги даде пратеникот.

Ќе почнам од член 26 кој се однесува за корекцијата.

Ова е техничка грешка која произлегува уште со донесувањето на Законот од 1994 година. Зборот"најмалку" и од тогаш не се менувал, туку најмногу. Затоа таа техничка грешка сега ја

исправуваме. Значи најмногу до 30% од катастарскиот приход.

Што се однесува до првата забелешка оваа измена е во интерес на стопанските субјекти бидејќи Заводот за статисикика, податоците остварени за просечната нето плата во Републиката во претходната година ги дава со двомесечно закаснување. Тоа значи дека во месец јануари стопанствениците не можат да исплатат редовна исплата на платата односно личниот доход.

Инаку, овој износ е многу мал, а што се однесува до личното ослободување во Законот е дадено колку изнесува, а сега со овој податок само се валоризира за наредната година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор- г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ако во оваа држава има некој што може да прифати дека зборот "најмалку" е техничка грешка и треба да се замени *со* "најмногу" јас објаснувањето на заменик министерот го прифаќам. Но, многу е различно најмногу од најмалку. Уште повеќе кога тоа е поврзано со соодветен процент бидејќи тој збор се однесува на најмалку до 30% или пак најмногу до 30%. На сите овде мислам дека му е јасно дека најмногу до 30% во однос на најмалку до 30% е различно.

Што се однесува на објаснувањето по однос на мојата забелешка околу надлежноста на државниот завод за статистика и макроекономската политика не го прифаќам објаснувањето затоа што станува збор за Завод кој што објавува звнаични државни показатели, параметри и станува збор за Влада која што предлага макроекономска политика и ја утврдува на самата Влада и останува во самата Влада. Така да не се соодветни предложените измени и не сум задоволен од дополнителното објаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за признаваниот данок на доход.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, за гласале 60 пратеници, воздржано гласале 15 пратеници, против гласале 4 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на Законот. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој барѕ збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандмани за менување на член 4 и на член 10, за додавање на нов став 2 по ставот 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закоот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 рпатеници, за гласале 61 пратеник, воздржано гласале 7 пратеници, против гласал еден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

Сега се враќаме на 26 -та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Белорусија за поттикнување и реципрочна заштита на инвестициите, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот е уврстен во Предлогот на дневниот ред на 109-та седница.

Преминуваме на точката 27 - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Хрватска за предавање и преземање на лица со незаконски престој, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот е уврстен во Предлогот на дневниот ред на 109-та седница.

Минуваме на 28-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за признавање и квалификации кои се однесуваат на високото образование во Европскиот регион, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот е уврстен во Предлогот на 109-та седница на Собранието.

Минуваме на 20-та точка - Предлог за донесување на закон за заштита на посебното природно богатство, со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Љатив Пајковски.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници. Јас сакам на министерот да му предложам да го повлечи предложениот закон и за тоа сакам да дадам објаснување за тоа зошто го барам. Имено, во најголем дел од општите одредби Предлог законот прави обид да усогласи повеќе закони во еден закон. Имено, оваа проблематика досега ја третирал законот за заштита на природни реткости, Законот за национални паркови, Законот за заштита на Охридско, Преспанско и Дојранско езеро. Во тој обид Законот често и недефиниран преминува од една во друга област. Со овој Закон не е воопшто засегнато прашањето на езерата. Се врши набројување и категоризација на природните добра а всушност носењето на законот се однесува исклучува на работа на националните паркови. Во тој случај најцелоисходно е да се донесе посебен закон за национални паркови со што би се извршила ревалоризација на досегашните реалности во работењето на парковите, и би се дефинирале нови правци на движење во заштитата и присуството на науката во националните паркови.

Посебно внимание заслужуваат одредбите за управување со посебното природно богатство.

Во овие одредби не е доволно дефинирана позицијата на управата чие основање се предлага и улогата на другите правни лица на кои им се доверува управувањето со делови од природата. Посебно е и одредбите на Управата да бидат посебно прецизирани и да се дефинирани одредби од значењето за функционирање на управата, степен на управување, дејност, приходи, расходи, располагање со сопствени приходи, вршење на туристичка ловна и друга дејност. Потребно е исто така да се прецизира и овластување за давање на различни дозволи како и задолжително присуство на интересот на науката во оваа област. Потребно е исто така ставање и разработување на одредбите што се однесуваат на непосредната заштита што ќе ја организира Управата. Во овој предлог со ниту еден член не се ниту спомнува непосредната заштита.

Националните паркови неможат да се чуваат без своја служба без физичка заштита. Насекаде во светот националните паркови имаат свои служби за чување. И во та смисла треба да се дефинираат и членови за носење и употреба на огнено оружје. Овие одредби неможе да се дефинираат со правилник или друг закон.

За оваа служба треба да се дефинираат и казнени одредби што се од значење на службата, непосредно и експресното згаснување на досегашниот статус на националните паркови. Сметам дека во секој случај *со* период од шест месеци до една година на припрема на акции јасно е дефиниран начинот на функционирање на управата, нема да дојде до непотребен вакум во работењето и нема да дојде до несакани последици во управувањето, работењето и заштитата на националните паркови. И заради уште една причина предлагам да се повлече овој закон, односно да оди во нормална процедура во две фази.

Имено, воопшто во овој закон се нема разбработено фактот како ќе се решаваат правата на граѓаните кои што живеат во овие простори.

Доследно би сакал да кажам неколку збора за регионот од кој што јас доаѓам, а кој што спаѓа во атарот на Националниот парк Маврово од "Маврови Анови". Во овој простор живеат повеќе од 15 илјади луѓе кои што се концентрирани во поголеми населби со три и повеќе илјади жители. Имено, начинот на кој што се дадени одредени решенија во овој закон не значат ништо друго од сместување на

населението да живее во одредени резервати.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:** (продолжение)

Така, на пример, во режимот за заштита на посебното природно богатство, кажано е дека, всушност, под режим на заштита на природното богатство се состои во определување на услови, движење и претстој на посетителите. Јас незнам како тука ќе се регулира, ќе се реши живеењето на луѓето кои што живеат во тие простори.

Понатаму, во ред е тоа, начин на користење на лов и риболов, фауна и т.н, се ставаат под строга заштита пасиштата, потоа собирањето на шумските плодови, рекреативните и други јавни површини.

Дури, со овој закон се забранува движење и паркирање на возила. Воопшто се нема предвид фактот дека во овој простор живеат луѓе, кои не сакам сега во овој момент да дискутирам и од аспект на безбедноста на тој простор што значат.

Исто така, со овој закон прецизно се кажува што не е дозволено во атарот на националните паркови. Така што, покрај другите забрани се наведува дека е строго забрането експлоатација на камен, песок, чакал и земја, како и загадување на земјата. Односно, тука е строго забрането на подигање на индустриски објекти. Од една страна сакаме да го задржиме населението кое живее на тие простори, да го развиваме односно да ја развиваме желбата за вложување на оние кои сакаат да вложуваат со градба на одредени индустриски капацитети, а од друга страна овој закон, па сето тоа строго го забрануваме.

Сметам дека сите овие работи кои ги искажав во овој дел на расправата треба министерот да ги има предвид и да го врати законот да се видат какви се светските искуства за национални паркови, кои што се густо населени и да се понудат соодветни решенија, кои што ќе бидат соодветни на реалните состојби во кои што се наоѓаат националните паркови односно природните богатства.

Инаку, јас имам подготвено и амандмани по одредени решенија, кои што ќе сакам нахнадно да ги образложам. Мислам дека реално треба министерот да ги согледа овие работи, да се врати законот, да се доработи особено во аспектот на рашавање на проблемите кои што ги тиштат граѓаните кои постојат, зборувам за конкретниот случај за националниот Парк Маврово од Маврови Анови.

Барам за мојот прадлог и ако треба да се гласа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега, според најавената потреба на Пратеничката група на ПДПА-НДП, ние ќе ја прекинеме работата, бидејки тие одат на конвенција.

Ќе продолжима утре во 12,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,00 часот)